Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 41-та седница одржана на 03.11.2022 година, во врска со Предлогот бр.03-4043/1 од 01.11.2022 година за покренување прекршочна постапка против операторот СКУПИ КАБЛЕ од Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-3845/1 од 18.10.2022 година на Друштвото за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје, и утврди прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

2. Советот заклучи против Друштвото за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот оператор кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на териториите на општина Арачиново и Скопје, на 17.10.2022 година за своите корисници ги реемитувал програмскиот сервис „SHOW TV", кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:
- Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр. 02-4013/3**

**03.11 2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**